Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 февруари 2025 година

Скопје, февруари 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 11 февруари 2025 година**

Седницата започна во 12 : 30 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, Ален Деребан, заменик на министерот за правда, д-р Флакрон Беџети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација.

На седницата присуствуваа и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Максим Ацевски, главен државен ревизор и Орхан Куртиши, директор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и Горан Минчев, министер за јавна администрација.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**- Усвојување на Записникот од Четириесет и седмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 февруари 2025 година**

1. Извештај за мониторинг од оценската мисија на СИГМА од 2024 година за Република Северна Македонија - Предизвици во функционирањето на јавната администрација во Република Северна Македонија

2. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта - Скопје ц.о.

3. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје

4. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесет и четврта одлука)

5. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесет и седма одлука)

6. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесет и осма одлука)

7. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (седумдесетта одлука)

8. Предлог - одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (седумдесет и прва одлука)

9. Предлог - одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија - Скопје)

10. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 8 јануари 2025 година до 14 јануари 2025 година

11. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 15 јануари 2025 година до 21 јануари 2025 година

12. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 22 јануари 2025 година до 28 јануари 2025 година

13. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 29 јануари 2025 година до 4 февруари 2025 година

14. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 8 јануари 2025 година до 14 јануари 2025 година

15. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 22 јануари 2025 година до 28 јануари 2025 година

16. Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 29 јануари 2025 година до 4 февруари 2025 година

17. Информација за донесување на решение за изменување на Решението за именување членови на Групата за процена, со Предлог - решение

18. Предлог - уредба за престанување на важењето на Уредбата за условите под кои воздухоплов без екипаж може да лета во македонскиот воздушен простор

19. Предлог - одлука за продажба на движни ствари - меркантилна пченица

20. Годишна програма за Националната инфраструктура на просторните податоци за 2025 година, со Предлог - одлука

21. Годишен план за работа на Геолошки завод на Република Северна Македонија за 2025 година

22. Годишна сметка и финансиски извештаи за период од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката - Скопје, ревидирани од овластен ревизор и Годишен извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2023 година, со предлог - одлуки

23. Годишна сметка, финансиски извештаи, Извештај за работењето на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје за периодот 1.1-31.12.2023 година, со предлог - одлуки и Извештај на независниот ревизор за финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2023 година

24. Информација за нелојалната конкуренција на пазарот на поштенските услуги

25. Барање согласност за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2024 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје, со прилози и Предлог-одлука

26. Информација за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2024 година и на финансиските извештаи за 2024 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2024 година и консолидираните финансиски извештаи за 2024 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје за 2024 година, со Предлог - одлука

27. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.2)

28. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.3)

29. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.4)

30. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.5)

31. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.6)

32. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.7)

33. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.8)

34. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.9)

35. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.10)

36. Предлог - одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.11)

37. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид

38. Предлог на закон за изменување на Законот за вработување и работа на странци

39. Информација за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на Министерството за образование и наука, со Предлог - одлука

40. Информација за добивање на согласност на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост под оранжерии и помошни објекти во функција на оранжериите, односно на објектите во стопанскиот двор по Јавен повик 01/23 од 16.11.2023 година, со предлог - одлуки

41. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Никола Ичев ул. „Душан Ќириќ" бр.24, Кавадарци, со прилози и Предлог - одлука

42. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Иле Илиевски, ул. „Скопска" бр.132, Свети Николе, со Предлог - одлука

43. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за земјоделство, производство, трговија и услуги Бистрен ДООЕЛ, со седиште во населено место без уличен систем Љуботен, Штип, со Предлог - одлука

44. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трговец - поединец ТП Евроксана Васил Томе Шапкаров Богданци ул. „Маршал Тито" бр.28-1/5 Богданци, со Предлог - одлука

45. Информација за известување за учество во постапката за оцена на влијание врз животната средина во прекугранично контекст доставено од страна на Република Бугарија

46. Информација во врска со барањето на концесионерот „Индиго хидро Македонија" ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145, со текст на Анекс

47. Предлог годишна програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2025 година

48. Предлог - програма за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година

49. Предлог - одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Курија", Општина Неготино

50. Предлог - одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Курија", Општина Неготино

51. Предлог - одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Режика", с.Сараќино, Општина Тетово

52. Предлог - одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Оџов Чукар", с.Звегор, Општина Делчево

53. Предлог - одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Крив Пат", с.Куклиш, Општина Струмица

54. Предлог - одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – кварцит на локалитетот „Брија", с.Мојанци, Општина Арачиново

55. Предлог - одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“, Општина Сарај

56. Предлог - одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Град Скопје (ГП бр.2)

57. Предлог - одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Град Скопје (ГП бр.4)

58. Предлог - одлука за определување на квота за дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територијата на Република Северна Македонија за 2025 година

59. Предлог - лиценца за приредување на игри на среќа во автомат - клуб на Друштвото за коцкање и обложување „МА Гаминг“ ДООЕЛ Скопје, со седиште во подружница Автомат - клуб СПА Скопје на ул. „Народен фронт“ бр.19/1-18 Центар, Скопје

60. Предлог на закон за ратификација на Протоколот за изменување и дополнување на Конвенцијата за кривичните дела и некои други акти извршени во воздухоплови

61. Предлог на закон за ратификација на Конвенција за спречување на незаконски дејствија поврзани со меѓународното цивилно воздухопловство

62. Предлог на закон за ратификација на Протоколот за дополнување на Конвенцијата за сузбивање на незаконито грабнување на воздухоплови

63. Информација за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија“ (1.4.2024 – 15.11.2024 година)

64. Предлог - програма за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи за 2025 година

65. Предлог - програма за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2025 година

66. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за формирање на совет за координација на активностите поврзани со членството на Република Северна Македонија во Северноатлантската договорна организација (НАТО) и Работен комитет за координација на активностите поврзани со членството во Северноатлантската договорна организација (НАТО)

67. Предлог - решение за именување претседател, национално контакт - лице, членови и секретар на Националната комисија за мало и лесно оружје

68. Информација за изменување на заклучоци, донесени по Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево и услуги за вршење на стручно - технички надзор врз реконструкција на ОУ „Гоце Делчев“, Општина Василево

69. Информација за повеќегодишна набавка за проектот - Изведба на Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св.Еразмо-Охрид

70. Информација за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Херб индустри ДОО, Струмица, со Предлог - одлука

71. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за јавна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за периодот април 2025 – април 2027 година за потребите на населението на Република Северна Македонија, со прилог

72. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле - Скопје

73. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле - Скопје

74. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кочани

75. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје

76. Предлог - одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за образование и наука

77. Иницијатива од Даниела Бочварска и други од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.232/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 13 став 1 и членовите 15 и 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.194/24)

78. Статутарна одлука за изменување на Статутот на Американскиот универзитет на Европа - ФОН

79. Статутарна одлука за изменување на Статутот на МИТ Универзитет Скопје

80. Кадровски прашања

81. Прашања и предлози

82. Информација во врска со правната работа на тужителот Друштво за производство, трговија, туризам и рибарство Еуро прогрес ДООЕЛ експорт - импорт с.Долно Коњаре, Петровец за надомест на материјална штета

83. Финансиски извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, за период од 1.7.2024 година до 30.9.2024 година

84. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост-Скопје за периодот јануари - март 2024 година, со прилог

85. Информација за потреба од преземање на конкретни мерки за овозможување на склучување на Договорот за ИПА проектот „Понатамошна поддршка во спроведување на реформите во секторот води“

86. Информација за потребата за набавка, одржување и корисничка поддршка на национален интегриран систем за управување со симптоми за пациенти

87. Информација за назначување членови и заменици - членови на Националното координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, со Предлог - решение

*

*          *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Четириесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 февруари 2025 година.

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата во врска со Извештајот за мониторинг од оценската мисија на СИГМА од 2024 година за Република Северна Македонија - Предизвици во функционирањето на јавната администрација во Република Северна Македонија, ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за јавна администрација по разгледување на Извештајот за мониторинг од оценската мисија на СИГМА од 2024 година за Република Северна Македонија, од страна на Советот за реформа во јавната администрација (РЈА), истиот да го достави до Владата.

2. Се задолжува Министерството за јавна администрација, до 11 март 2025 година, да подготви и кон Извештајот да достави и Предлог акциски план на планирани активности, со точно утврдени рокови, во кој да бидат содржани конкретни мерки и задолженија за постапување на институциите во делот на препораките кои треба да бидат спроведени, додека во делот на препораките кои не може да бидат спроведени да достави прецизно и детално објаснување за истото и истиот да го достави до сите министерства.

**Точка 2**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта – Скопје ц.о., како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта – Скопје ц.о. да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

Исто така, Владата заклучи:

1. Се задолжува новото раководство на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта – Скопје ц.о., за наредната седница на Владата да достави информација со податоци за тоа дали од страна на Претпријатието е информирано Основното јавно обвинителство на Република Северна Македонија за наводите изнесени во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2022 година на Државниот завод за ревизија и дали е постапено по забелешките на истиот.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи и Управата за финансиска полиција да извршат увид во документацијата на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта – Скопје ц.о..

**Точка 3**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2023 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост - Скопје, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата укажува на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост - Скопје, да подготви акциски план со точно утврдени активности, одговорни лица и рокови за имплементација на препораките од Државниот завод за ревизија и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 4**

Владата повторно ја разгледа и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесет и четврта одлука).

**Точка 5**

Владата ја разгледа Предлог - одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесет и седма одлука) и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (шеесет и осма одлука).

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (седумдесетта одлука).

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (седумдесет и прва одлука).

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија - Скопје)

**Точка 10**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата за

период од 8 јануари 2025 година до 14 јануари 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 11**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата за период од 15 јануари 2025 година до 21 јануари 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 12**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 22 јануари 2025 година до 28 јануари 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 13**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјето на Општина Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 29 јануари 2025 година до 4 февруари 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 14**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 8 јануари 2025 година до 14 јануари 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 15**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 22 јануари 2025 година до 28 јануари 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 16**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија, за период од 29 јануари 2025 година до 4 февруари 2025 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на решение за изменување на Решението за именување членови на Групата за процена, со Предлог - решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за изменување на Решението за именување членови на групата за процена.

**Точка 18**

Владата ја донесе Уредбата за престанување на важењето на Уредбата за условите под кои воздухоплов без екипаж може да лета во македонскиот воздушен простор.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари - меркантилна пченица.

**Точка 20**

Владата го одложи разгледувањето на Годишната програма за Националната инфраструктура на просторните податоци за 2025 година, со Предлог - одлука, поради потребата Советот на НИПП да достави мислење по истата.

**Точка 21**

Владата го разгледа Годишниот план за работа на Геолошки завод на Република Северна Македонија за 2025 година, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Министерството за финансии да достави мислење по материјалот.

**Точка 22**

Владата по Годишната сметка и финансиските извештаи за период од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката - Скопје, ревидирани од овластен ревизор и Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2023 година, со предлог - одлуки, ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на ревидираната Годишна сметка и финансиските извештаи за период од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

2. Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работата на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2023 година.

3. Одлуката за распределба на добивката по Годишната сметка за 2023 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

4. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2023 година (Азем Фејзоски - независен неизвршен член).

5. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2023 година (Шукри Масурица - неизвршен член).

6. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2023 година (Силвана Јовческа - независен неизвршен член).

7. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2023 година (Мухамед Љамалари - неизвршен член).

8. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2023 година (Митко Белимов - неизвршен член).

9. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2023 година (Зоран Ѓоргијев - извршен член).

10. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2023 година (Трим Река - неизвршен член).

Истовремено, Владата заклучи, предлагачот предметните материјали да ги достави до Управата за финансиска полиција и до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, со цел да се испита работењето за наведениот период.

## Точка 23

Владата ги разгледа Годишната сметка, финансиските извештаи, Извештајот за работењето на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост - Скопје за периодот 1.1-31.12.2023 година, со предлог - одлуки и Извештај на независниот ревизор за финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2023 година и по истите ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост - Скопје за 2023 година.

2. Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост - Скопје за 2023 година.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот предметните материјали да ги достави и до Управата за финансиска полиција и до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, со цел да се испита работењето за наведениот период.

Исто така, се укажува на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост - Скопје, во рок од 30 дена, да подготви и до Владата да достави информација за преземените мерки, во врска со постапувањето по забелешките во ревизорскиот извештај.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за нелојалната конкуренција на пазарот на поштенските услуги, ја усвои Информацијата и притоа заклучи:

1. Формира Работна група со членови од Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Управата за Финансиска полиција, Царинската управа и Државниот пазарен инспекторат, чиј координатор ќе биде претставник на Министерството за внатрешни, со задача секој од својата надлежност да преземе активности за спречување на нелојалната конкуренција и незаконското работење на приватните пошти.

2. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Управата за Финансиска полиција, Царинската управа и Државниот пазарен инспекторат, најдоцна до 15 февруари 2025 година до АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје да достават номинации за членови во работната група.

3. Се задолжува Министерството за транспорт на наредната седница на Владата да достави информација за работата на работната група.

**Точка 25**

Владата го разгледа Барањето согласност за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2024 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост - Скопје, со прилози и Предлог - одлука и ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2024 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2024 година и на финансиските извештаи за 2024 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2024 година и консолидираните финансиски извештаи за 2024 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје за 2024 година, со Предлог - одлука ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2024 година и на Финансиските извештаи за 2024 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2024 година и консолидираните финансиски извештаи за 2024 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје за 2024 година.

**Точка 27**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.2), за наредната седница на Владата.

Точка 28

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.3), за наредната седница на Владата.

Точка 29

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.4), за наредната седница на Владата.

Точка 30

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.5), за наредната седница на Владата.

Точка 31

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.6), за наредната седница на Владата.

Точка 32

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.7), за наредната седница на Владата.

Точка 33

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.8), за наредната седница на Владата.

Точка 34

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.9), за наредната седница на Владата.

Точка 35

Владата го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.10), за наредната седница на Владата.

Точка 36

Владата ја одложи од разгледување Предлог - одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Општина Брвеница - ГП бр.11), за наредната седница на Владата.

## Точка 37

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид и условно го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да достави мислење по Предлогот на закон.

2. Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за реализација на инфраструктурни проекти за изградба на патна делница Миладиновци-Штип и патна делница Кичево-Охрид, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија да се достави до Собранието, доколку Министерството за финансии достави позитивно мислење.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереник д-р Стефан Волкановски, државен секретар во Министерството за транспорт.

## Точка 38

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за вработување и работа на странци, по скратена постапка, го утврди како Предлог на закон кој се носи по редовна постапка и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд, а за повереници Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд и Маја Папатолевска, раководител на сектор во Министерството за економија и труд.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на Министерството за образование и наука, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за образование и наука.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за добивање на согласност на Владата на Република Северна Македонија за склучување на договор за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост под оранжерии и помошни објекти во функција на оранжериите, односно на објектите во стопанскиот двор по Јавен повик 01/23 од 16.11.2023 година, со предлог - одлуки, ја усвои Информацијата и не даде согласност и не ги донесе одлуките за склучување на договорите за продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост под оранжерии и помошни објекти во функција на оранжериите, односно на објектите во стопанскиот двор по Јавен повик 01/23 од 16.11.2023 година, поради истек на предвидениот законски рок.

## Точка 41

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Никола Ичев ул. „Душан Ќириќ“ бр.24, Кавадарци, со

прилози и Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 42

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Иле Илиевски, ул. „Скопска" бр.132, Свети Николе, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 43

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за земјоделство, производство, трговија и услуги Бистрен ДООЕЛ, со седиште во населено место без уличен систем Љуботен, Штип, со Предлог- одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Трговец - поединец ТП Евроксана Васил Томе Шапкаров Богданци ул. „Маршал Тито" бр.28-1/5 Богданци, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

## Точка 45

Владата ја разгледа и усвои Информацијата за известување за учество во постапката за оцена на влијание врз животната средина во прекуграничен контекст доставено од страна на Република Бугарија.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на концесионерот „Индиго хидро Македонија" ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145, со текст на Анекс, ја усвои и ги донесе следните заклучоци:

1. Се овластува м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145 со бр. 02-5784/1 од 1.7.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 27.5.2025 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Индиго хидро Македонија ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145, најмалку до 28.7.2025 година.

Точка 47

Владата ја донесе Годишната програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2025 година.

Точка 48

Владата ја разгледа Предлог - програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година и ја донесе Програмата, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Точка 49

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Курија“, Општина Неготино.

Точка 50

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Курија“, Општина Неготино.

Точка 51

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Режика“, с.Сараќино, Општина Тетово.

Точка 52

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Оџов Чукар“, с.Звегор, Општина Делчево.

Точка 53

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Крив Пат“, с.Куклиш, Општина Струмица.

Точка 54

Владата ја донесе Одлуката за еднострана раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - кварцит на локалитетот „Брија“, с.Мојанци, Општина Арачиново.

Точка 55

Владата ја донесе Одлуката за еднострана раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста“, Општина Сарај.

Точка 56

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Град Скопје (ГП бр.2) (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

## Точка 57

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Град Скопје (ГП бр.4) (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

## Точка 58

Владата ја донесе Одлуката за определување на квота за дозволи за странци кои можат да бидат работно ангажирани на територијата на Република Северна Македонија за 2025 година.

## Точка 59

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат - клуб на Друштвото за коцкање и обложување „МА Гаминг“ ДООЕЛ Скопје, со седиште во подружница Автомат - клуб СПА Скопје на ул. „Народен фронт“ бр.19/1-18 Центар, Скопје.

## Точка 60

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Протоколот за изменување и дополнување на Конвенцијата за кривичните дела и некои други акти извршени во воздухоплови, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници Наташа Дескоска, помошник - директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Снежана Павлеска, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

## Точка 61

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Конвенција за спречување на незаконски дејствија поврзани со меѓународното цивилно воздухопловство, го утврди и заклучи да го достави до Собранието, согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници Наташа Дескоска, помошник - директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Снежана Павлеска, раководител на сектор во Министерството за транспорт.

## Точка 62

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Протоколот за дополнување на Конвенцијата за сузбивање на незаконито грабнување на воздухоплови, го утврди и заклучи да се достави до Собранието согласно член 208 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, Александар Николоски,заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт, а за повереници Снежана Павлеска, раководител на сектор во Министерството за транспорт и Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија" (1.4.2024 – 15.11.2024 година), ја усвои и го задолжи Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите, да подготви и до Владата да достави информација за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија", во април 2025 година.

**Точка 64**

Владата ја донесе Програмата за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи за 2025 година.

**Точка 65**

Владата ја донесе Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2025 година.

**Точка 66**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на совет за координација на активностите поврзани со членството на Република Северна Македонија во Северноатлантската договорна организација (НАТО) и Работен комитет за координација на активностите поврзани со членството во Северноатлантската договорна организација (НАТО).

**Точка 67**

Владата го донесе Решението за именување претседател, национално контакт - лице, членови и секретар на Националната комисија за мало и лесно оружје.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата за изменување на заклучоци, донесени по Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за реконструкција на ОУ „Гоце Делчев", Општина Василево и услуги за вршење на стручно - технички надзор врз реконструкција на ОУ „Гоце Делчев", Општина Василево и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерство за финансии, даде согласност за преземање на обврски согласно промена на динамика и проценета вредност на набавката за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во тековната година на Министерство за образование и наука од потпрограма ТБ, сметка 637 за реконструкција на ОУ „Гоце Делчев", Општина Василево, како и услуги за вршење на стручно - технички надзор врз реконструкција на ОУ „Гоце Делчев", Општина Василево, и тоа за реконструкција 30.631.795,00 денари без пресметан ДДВ на сметка 637, ставка 482, Програма Т, Подпрограма ТБ за 2025 година и за надзор 575.878,00 денари без пресметан ДДВ на сметка 637, ставка 482, Програма Т, Подпрограма ТБ за 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука, по добиено одобрение од Владата да ја промени проценетата вредност и динамиката на плаќање и да преземе активности за носење одлука за избор и склучување на договор со најповолниот понудувач за јавна набавка за реконструкција на ОУ „Гоце Делчев", Општина Василево, како и услуги за вршење на стручно - технички надзор врз реконструкција на ОУ „Гоце Делчев", Општина Василево со плаќање по времени ситуации во период од 10 месеци со следнава динамика: За реконструкција 30.631.795,00 денари без пресметан ДДВ на сметка 637, ставка 482, Програма Т, Подпрограма ТБ за 2025 година и за надзор 575.878,00 денари без пресметан ДДВ на сметка 637, ставка 482, Програма Т, Подпрограма ТБ за 2025 година.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Информацијата за повеќегодишна набавка за проектот Изведба на Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св.Еразмо-Охрид и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства за 2025 и 2026 буџетска година на Министерството за здравство за набавка во вкупна вредност од 120.000.000,00 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

Средства од Буџет на Република Северна Македонија, сметка 637, програма 1А:
- 20.000.000,00 за 2025 година и
- 100.000.000,00 за 2026 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии да ги обезбеди потребните средства за реализација на наведената набавка во Буџетот на Министерството за здравство за 2025 и 2026 година, а Министерството за здравство истите да ги прикаже во соодветниот буџетски циркулар.

3. Се задолжува Министерството за здравство да подготви потребна тендерска документација и да објави оглас за јавна набавка за реализација на наведената повеќегодишна набавка.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Информацијата за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Херб индустри ДОО, Струмица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Херб индустри ДОО, Струмица.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за јавна набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за периодот април 2025 – април 2027 година за потребите на населението на Република Северна Македонија, со прилог и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните април 2025 година, 2026 и до април 2027 година на Министерството за здравство за набавка на инсулин, глукагон, инсулински игли и ленти за мерење шеќер, инсулински пумпи со потрошен материјал и сензори за континуирано мерење на гликемија за периодот април 2025 – април 2027 година за потребите на населението на

Република Северна Македонија, во вкупна вредност од 2.224.293.112,00 денари со вклучен ДДВ, со следната динамика на плаќање:

- 860.000.000,00 денари во 2025 година
- 1.000.000.000,00 денари во 2026 година и
- 364.293.112,00 денари во 2027 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

3. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои шест месеци, сѐ до конечна реализација на набавката.

4. Се задолжува Министерство за здравство да ја спроведе набавката согласно потребите и во рамки на максимално одобрените износи на расходи за соодветните фискални години и да ги вклучи во буџетското барање.

## Точка 72

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле - Скопје.

## Точка 73

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле – Скопје.

## Точка 74

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кочани.

## Точка 75

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје.

## Точка 76

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за образование и наука.

## Точка 77

Владата ја разгледа Иницијативата од Даниела Бочварска и други од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.232/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 13 став 1 и членовите 15 и 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.194/24) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата, ја оспорува уставноста на став (1) од членот 13, член 15 и член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.194/24), поради што бара од Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на оспорените одредби од законот и истите да ги поништи.

Со член 13 став (1) од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.194/24), е утврдено дека Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија објавува јавен оглас за именување претседател и членови на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен согласно со овој закон најдоцна во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Со член 15 од истиот закон, е утврдено дека со именувањето на претседателот и на членовите на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен согласно со одредбите од овој закон, им престанува мандатот на претседателот и на членовите на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен кои се именувани согласно со Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија" бр.51/11, 148/13, 41/14, 130/14, 53/16, 11/18 и 202/18).

Со членот 16 е утврдено дека законот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Во однос на наводите изнесени во Иницијативата, дека со оспорените одредби се повредуваат уставните одредби со кои се утврдуваат темелните вредности на уставниот поредок и одредбите од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, се смета дека се неосновани, а оспорените одредби не се противуставни, поради следниве причини:

Оспорените одредби се дел од пошироки реформи во правосудниот сектор и државната администрација, чија цел е зголемување на ефикасноста и оптимизација на институциите. Потребата од вакви реформи е потврдена уште со Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 со Акциски план, усвоени од Владата во ноември 2017 година. Посебно, реформите во прекршочно-правната област беа иницирани со Уставниот амандман XX од декември 2005 година. Овој амандман овозможи органите на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања да изрекуваат санкции за прекршоци, со гарантирано право на судска заштита. Како резултат на тоа донесен е Закон за основање на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Македонија", бр.130/14), со што се воведе двостепеност во прекршочната постапка.

Меѓутоа, со оглед на тоа што Уставот на Република Северна Македонија гарантира право на судска заштита преку управен спор за сите решенија за прекршок донесени од државните органи, а инспекциските постапки се само еден вид управни постапки за кои веќе постои второстепен орган, се постави прашањето за оправданоста и ефикасноста од постоење на посебна државна комисија за прекршоци.

Анализата на постоечкиот систем, покажа дека постоењето на две одделни комисии често резултираше на дуплирање на постапки, неконзистентност во одлуките и дополнителни трошоци за граѓаните и државата. На пример, во случаи каде што жалбата се однесуваше на одлука донесена во управна постапка која произлегуваше од инспекциски надзор, граѓаните беа принудени да се обраќаат во две различни комисии, што го продолжуваше времето на решавање на нивниот случај. Спојувањето

на комисиите се очекуваше да донесе значителни заштеди, како што се намалување на бројот на предмети во работа, скратување на времето за чекање за одлука и ослободување на ресурси кои ќе можат да се пренасочат кон други приоритети.

Врз основа на констатациите содржани во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор, од страна на Оценската мисија на Европската комисија за управни постапки и правда, составена од меѓународни правни експерти, во 2018 година изработена е сеопфатна анализа за содржината и имплементација на законската рамка за прекршоците. Како резултат на тоа усвоен е Законот за прекршоците од 17.5.2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19). Овој закон, предвидува временска рамка за постепено укинување на надлежноста на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, за одлучување по жалби против решенија за прекршок.

Членот 131 од Законот за прекршоците дефинира дека до 31 декември 2020 година, жалбите против решенија за прекршок се поднесуваат до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, а од 1 јануари 2021 година, Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка престанува да биде надлежна за одлучување по жалби за прекршоци, додека предметите по жалби кои не се решени до 2020 година се проследуваат на Управниот суд. Со оваа промена, надлежноста за одлучување по жалби за прекршоци е целосно пренесена на Управниот суд, а обемот на работа на Државната комисија е значително намален. Оттогаш комисијата е надлежна само за решавање по жалби против решенија донесени во прв степен во инспекциска постапка.

Воедно, во Интегрираниот извештај за државна реорганизација подготвен во рамките на Проектот за државна реорганизација е нотирана препораката за укинување на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка. Оваа препорака се става во контекст на поширoките реформи кои се планираат со цел да се зголеми ефикасноста и да се оптимизираат институциите. Во тој контекст, со Програмата на Владата (2024-2028) во делот III - Владеење на правото во институциите, како дел од реформите во политичкиот систем, е предвидено зголемување на ефикасноста во работењето и оптимизација на бројот на институции, преку намалувањето на нивниот број, а со тоа и на бројот на избрани и именувани лица, што ќе има позитивни финансиски импликации во Буџетот. Овие мерки се насочени кон подобрување на општата функционалност на државните органи и намалување на административниот товар.

Продолжувајќи ја политиката на реформи и заложбите за реорганизација на органите на државната управа, Собранието на Република Северна Македонија, на седница одржана на 17.9.2024 година донесе два значајни закона. Имено, Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.194/24) е насочен кон поедноставување на системот за одлучување по жалби и унапредување на организацијата на работата на единствениот орган за второстепена управна постапка. Додека, Законот за престанување на важењето на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.194/24), овозможува намалување на бројот на институции кои одлучуваат по жалба, со што се поедноставува административната постапка. Овие закони предложени од група пратеници преставуваат значаен чекор кон поефикасна и поорганизирана јавна администрација.

Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, е значаен реформски закон, со кој се воспоставува нова институционална структура и се основа во суштина нова Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Главна цел на измените е подобрување на независноста, професионалноста и компетентноста на Комисијата. Имено, со членот 4 од овој закон, се менуваат ставовите (1), (5) и (6) од членот 3, а

истовремено се додава и нов став (9), со кои се утврдува составот на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен и општите услови за именување на претседател и членови на Комисијата. Со овие законски одредби се зајакнуваат условите од аспект на стручност, компетентноста и работното искуство кои треба да ги исполнат претседателот и членовите и се обезбедува високо ниво на професионализам и независност на Државната комисија со оглед на тоа дека претседател и член на Државната комисија не смеат да бидат членови на орган на политичка партија. Овие измени имаат за цел да обезбедат високо ниво на професионализам и да ја зајакнат довербата во работата на Државната комисија.

Оттука, оспорените одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, не треба да се толкуваат изолирано, туку во контекст на законот како целина, со посебен акцент на погоре наведениот член 4 кој утврдува нови услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите за претседател и членови на Комисијата за да бидат именувани од страна на Собранието на Република Северна Македонија. Тогашните услови за претседател и членови на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен се различни од условите кои се утврдени за претседател и членови на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, од каде произлегува и дека станува збор за нова Комисија и со нова надлежност за работа. Новата Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен не е само изменета верзија на старата, туку е сосема нов орган со проширени надлежности и зајакнати критериуми за избор на нејзините членови.

Со членот 13 став (1) од Законот, е утврдено дека за именување на претседател и членови на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, која согласно овој закон е нова, ќе биде објавен јавен оглас од страна на Комисијата за прашањата на избори и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија. Улогата на Комисијата за прашањата на избори и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија во смисла на оваа одредба е само од техничко-организационен карактер, која е во служба на Собранието за извршување на неговите надлежности, врши подготвителни работи за Собранието да може да избира и разрешува претседател и членови на Комисијата. Истовремено, со оваа одредба не е изменета законски утврдената надлежност на Собранието на Република Северна Македонија за именување на претседател и членови на Државната комисија, а на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија, утврдена со членот 3 став (2) од Законот, бидејќи истата останува непроменета. Со објавувањето на јавен оглас од страна на Комисијата за прашањата на избори и именувањата на Собранието на Република Северна Македонија се гарантира еднаквоста на граѓаните утврдена во членот 9 од Уставот и не може да стане збор за ограничување во смисла на членот 54 став 3 од Уставот, со тоа што законските измени не оневозможуваат сите кои сметаат дека ги исполнуваат новите услови да аплицираат на јавниот оглас, односно не им се ускратува правото на сега подносителите на иницијативата да конкурираат по јавен оглас за претседател и член на новата Комисија.

Со оглед дека законските измени предвидуваат основање на нова комисија, сосема е оправдано и легитимно што законодавниот орган предвидел престанок на мандатот на претседателот и членовите на старата Државата комисија за одлучување во управна постапка и отстапка од работен однос од втор степен. Старата комисија по сила на закон престанува да постои во својата првична форма и со досегашните надлежности. Затоа, не може да се говори за повреда на стекнато право на мандат на нејзините членови.

Во однос на наводите за повреда на правото на жалба против поединечни акти, се смета дека се неосновани. Со измените на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, новата комисија е надлежна да одлучува по жалби против решенија донесени во прв степен, вклучително и оние донесени во постапка по

инспекциски надзор. Ова значи дека правото на жалба на граѓаните не е укинато, туку е обезбедено пред новоформираната комисија. Според Законот за општата управна постапка, член 14, странката има право на правна заштита против секое управно дејствие или реален акт согласно со законот. Против првостепените управни акти странката има право на жалба во случаи утврдени со закон. Ова осигурува дека новата Комисија ќе продолжи да ја обезбедува двостепеноста во управната постапка, што е во согласност со начелото на правна заштита на граѓаните утврден со Законот за општата управна постапка. Имајќи го предвид горенаведеното, Владата е на став дека усогласувањето на материјалните закони е континуиран процес, а напредокот во исполнувањето на оваа обврска е видлив. Ова значи дека, без оглед на измените во структурата на Комисијата, правото на граѓаните на жалба останува неотуѓиво и е заштитено согласно со прописите на Република Северна Македонија. Ниту еден граѓанин нема да биде оштетен или да му биде ускратено правото на жалба за време на преодниот период.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека оспорените одредби, од членот 13 став (1) и членовите 15 и 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.194/24), се во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 13 став (1) и членовите 15 и 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.194/24).

## Точка 78

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување на Статутот на Американскиот универзитет на Европа – ФОН и по истата дава позитивно мислење.

## Точка 79

Владата ја разгледа Статутарната одлука за изменување на Статутот на МИТ Универзитет Скопје и нема забелешки и дава позитивно мислење по истата.

## Точка 80

1. Владата го именува Кирил Лазов за вршител на должноста директор на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, орган во состав на Министерството за здравство, досегашен вршител на должноста директор на Инспекторатот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата го именува Ерџан Зеќири за вршител на должноста директор на Државниот комунален инспекторат, орган во состав на Министерството за транспорт и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го именува Газменд Алиу за вршител на должноста заменик на директорот на Државниот завод за статистика и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата ја разреши Весна Томовска од должноста директор на Државниот инспекторат за труд, орган во состав на Министерството за економија и труд.

5. Владата го именува Гани Максути за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за труд, орган во состав на Министерството за економија и труд и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата го именува Јаше Сефер за национален координатор за креирање и следење на национални стратегии и политики на немнозински заедници и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

7. Владата го разреши Љупчо Сотироски од должноста член на Националниот совет за медијација, поради постоење на состојба на судир на интереси.

8. Владата го именува Љупчо Сотироски за национален координатор за медијација и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата го именува Фљорим Османи за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом Липково-Липково.

10. Владата го именува Седат Зенели за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје - Скопје.

11. Владата донесе Одлука за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија.

Согласно ова, Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да подготви нови решенија за утврдување коефициенти за пресметување на плата на сите именувани лица кои ги именува Владата на Република Северна Македонија, кои да се сметаат за донесени на оваа седница на Владата.

12. Владата за членови на Одборот за Македонска рамка за квалификации ги назначи:

- Сафет Незири од Министерство за образование и наука;
- Борчо Алексов од Министерство за образование и наука;
- Маја Папатолевска од Министерство за економија и труд;
- м-р Ардијана Исахи Палоши од Центар за стручно образование и обука;
- Линдита Ќазими од Центар за образование на возрасните;
- д-р Габриела Дурчевска – Георгиева од Биро за развој на образованието;
- Александар Богоевски од Национална агенција за европски образовни програми и мобилност;
- м-р Наташа Јаневска од Стопанска комора на Северна Македонија;
- Зенефер Бајмак Грозданов од Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија и
- Тамара Панчевски од Организација на работодавачи на Македонија.

13. Владата им утврди престанок на мандатот на Фехари Рамадани, Исак Шерифи и Исмет Кроси, определени претставници во Советот на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците - Скопје

13.1. Владата за претставници во Советот на ЈНУ Институт за духовно и културно наследство на Албанците -Скопје ги определи:

-Фехари Рамадани;
-Исак Шерифи и
-Авзи Мустафа.

14. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Државен пазарен инспекторат.

15. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави на веб страницата на Владата, како и во најмалку два дневни весници, од кои еден што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат на службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Државен санитарен и здравствен инспекторат.

16. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Државен девизен инспекторат.

17. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Агенцијата за храна и ветеринарство.

## Точка 81

**1.** Владата ги разгледа Извештајот и анализата за утврдување на бруто профитна маржа во трговија на мало и трговија на големо со предлог – мерки за намалување на цените на основните прехранбени производи и согласно дискусијата на седницата на Владата заклучи:

1) Се задолжува Министерството за економија и труд до Владата на Република Северна Македонија да достави соодветна Предлог - одлука со која ќе се ограничи маржата на 10% во трговија на мало и трговија на големо, истата мерка да се применува од денот на донесување на одлуката сè до 30 април 2025 година, истовремено да се однесува на истите 73 групи на производи кои беа во есенската кошница и да биде дополнета со средства за хигиена, детергенти, бебешка храна и други непрехрамбени производи кај кои е забележана многу висока маржа, а се дел од основните потреби на граѓаните.

2) Се препорачува на маркетите на своите веб – страници на дневна основа да ги објавуваат и ажурираат цените на производите со цел поголема транспарентност како за потрошувачите така и за продавачите.

3) Се задолжува Министерството за економија и труд во најбрз можен рок да организира состанок со Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Царинската управа, Државниот завод за статистика, Комисијата за заштита на конкуренцијата и Државниот пазарен инспекторат од кој ќе произлезат дополнителни мерки во насока на намалување на цените на основните прехранбени производи и обезбедување примена на Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи (*).

**2.** По повод укажувањето на проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Владата го задолжи Министерството за правда да преземе активности за поведување постапка за разрешување на јавниот обвинител на Република Северна Македонија.

**3.** Владата заклучи:

1) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да формира работна група која ќе ги координира активностите на сите државни органи за собирање, анализа и следење на спроведувањето на предлозите и мерките кои произлегуваат од барањата и средбите на Владата на Република Северна Македонија со Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Северна Македонија, со цел подобрување на деловната и инвестициска клима во Република Северна Македонија и зголемување на конкурентноста на компаниите кои работат во државата.

2) Го определи м-р Владимир Пешевски, надворешен советник во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за координатор на работната група за овие активности во име на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

3) Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија и труд, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт, Министерството за образование и наука, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерство за финансии - Царинска управа, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, Министерство за финансии - Управа за јавни приходи, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Централниот регистар на Република Северна Македонија, Советот за странски инвестиции, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (МЕПСО), Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост и ЕВН Македонија АД Скопје, во рок од три дена, до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да предложат еден претставник од својата институција во работната група.

**4.** Владата заклучи:

- Се задолжува Министерството за финансии да подготви и во рок од 60 дена до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, во насока на измена на член 42 и член 47, со кој ќе се поедностави постапката за спроведување на избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад и продажба на движни ствари, кои се дотраени, неупотребливи и технолошки застарени и не можат да се продадат или разменат како такви, со цел постапката да не биде предмет на разгледување и одлучување од страна на Владата.

**5.** Владата го задолжи Министерството за економија и труд, да подготви и во рок од 90 дена до Владата да достави соодветно изменување на Законот за трговските друштва, во насока на измена на член 383, став 1 точка 8 и член 479 став 2, со цел постапката за избор на овластен ревизор за ревизија на годишните сметки и финансиските извештаи на акционерските друштва во државна сопственост да не биде предмет на разгледување и одлучување од страна на Владата.

**6.** Во врска со член 14 ставови (6) и (7) и член 15 ставови (3), (4) и (5) од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.276/24), согласно кои Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија е надлежен за следење на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата, го организира извршувањето на заклучоците на Владата, следењето на степенот на реализација на стратешките плански документи, а заради реализација на надлежностите, генералниот секретар може да вклучи и

претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, министерствата, како и други државни органи и институции и доколку констатира дека степенот на реализација на стратешките документи е низок, генералниот секретар за тоа веднаш го известува претседателот на Владата, министрите и другите избрани и именувани лица одговорни пред Владата.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, на секоја прва седница на Владата во месецот, почнувајќи од март 2025 година, до Владата да доставува табеларни прегледи за степенот на реализација на проектите од Програмата за работа на Владата, во надлежност на ресорните министерства, како и за степенот на реализација на заклучоците произлезени од седниците на Владата.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија на секоја прва седница на Владата во месецот, почнувајќи од март 2025 година, до Владата да доставува табеларен преглед на институции кои немаат доставено мислења во определениот рок, со број на недоставени мислења, согласно Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, како и преглед на недоставени материјали во владина постапка преку системот е-vlada, произлезени по задолженија од заклучоци од седници на Владата.

<u>Точка 82</u>

Владата ја разгледа Информацијата во врска со правната работа на тужителот Друштво за производство, трговија, туризам и рибарство Еуро прогрес ДООЕЛ експорт - импорт с.Долно Коњаре, Петровец за надомест на материјална штета, како материјал за информирање.

<u>Точка 83</u>

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, за период од 1.7.2024 година до 30.9.2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, предлагачот да ги има предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за финансии.

<u>Точка 84</u>

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје, за периодот јануари – март 2024 година, со прилог, како материјал за информирање.

<u>Точка 85</u>

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потреба од преземање на конкретни мерки за овозможување на склучување на Договорот за ИПА проектот „Понатамошна поддршка во спроведување на реформите во секторот води“, поради потребата Министерството за финансии да достави мислење по материјалот.

**Точка 86**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потребата за набавка, одржување и корисничка поддршка на национален интегриран систем за управување со симптоми за пациенти, поради потребата истата да се разгледа во редовна владина постапка.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за назначување членови и заменици - членови на Националното координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, со Предлог – решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за назначување членови и заменици - членови на Националното координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, со заклучок текстот на истото да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14 : 45 часот.

| Генерален секретар на Владата<br>на Република Северна Македонија | Претседател на Владата<br>на Република Северна Македонија |
|---|---|
| Игор Јанушев | проф. д-р Христијан Мицкоски |